**Известување за концентрација со која физичкото лице Арифи Селаудин , Кичево ќе стекне контрола над Мелничко пекарската индустрија Жито Караорман АД Кичево (предмет бр. 08-92/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.05.2025 година, а дополнето на 27.06.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која физичкото лице Арифи Селаудин, Кичево во 2023 година стекнал контрола над Мелничко пекарската индустрија Жито Караорман АД Кичево со седиште на бул. Илинден бр.44 Кичево по пат на купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Селаудин Арифи** е единствен содружник во Друштво за трговија, производство и услуги АС СЕЊАК увоз-извоз Селаудин арифи ДООЕЛ Кичево со седиште на Горно Пашино, бр.1 Осломешки/пат кичево кое врши дејност на изградба на патишта и автопати, како и дејност на дистрибуција на дел од производите на Европа АД Скопје (какао производи, десерти, локум, бомбони и кондитерски производи од брашно).

АС СЕЊАК увоз-извоз Селаудин арифи ДООЕЛ Кичево е единствен сопственик на НОВА АГРО ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. Кочо Рбр.97 скопје со регистрирана дејност неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и тутун.

**Мелничко пекарската индустрија Жито Караорман АД Кичево** е со предмет на работење производство на мелнички производи, производство на скроб и производи од скроб, производство на готова храна за животни што се одгледиуваат на фарма.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

30.06.2025 година
Скопје